Funded by the European Union
SlovakAid GOOD IDEA SLOVAKIA
Европско движење Северна Македонија European Movement North Macedonia
SFPA Slovak Foreign Policy Association

## НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# „ЕФИКАСНОСТА НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ ОДГОВОР ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПРЕПОРАКИТЕ НА ЕУ ЗА КОНФИСКАЦИЈА И УПРАВУВАЊЕ СО ИМОТ СТЕКНАТ ОД КРИМИНАЛ“



12

БИЛТЕН

**17-ТА СЕСИЈА НА РАБОТНА ГРУПА 4**

**ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ**

**ПОГЛАВЈЕ 24**

На 14 јули 2025 година во Клубот на пратеници, 17-та сесија на Работната група 4 при Националната конвенција за ЕУ се дискутираше за ефикасноста на институционалниот одговор на препораките за конфискација на имот стекнат од криминал. Се истакна дека, и покрај усогласената правна рамка, постојат сериозни предизвици во имплементацијата – недигитализирани процеси, слаба меѓуинституционална координација и недоволни човечки и технички капацитети. Учесниците нагласија дека конфискацијата е силна алатка против криминалот, но неефикасното спроведување овозможува криминалците да го задржат имотот и покрај осудите. Претставници од институциите, академијата и граѓанскиот сектор повикаа на јасни, конкретни и правно издржани реформи, вклучувајќи заштита за оние кои ги применуваат овие мерки. Заклучено е дека за вистински напредок е потребна политичка волја, дигитализација, подобра координација и значајна инвестиција во капацитетите на институциите.



**Проф. д-р Милева Ѓуровска, Национална координаторка на НКЕУ-МК**, во своето обраќање ја нагласи важноста на темите кои досега беа дискутирани во рамките на оваа работна група, активна во контекст на Поглавје 24 – *Правда, слобода и безбедност* од преговарачката рамка. Таа подвлече дека отворениот дијалог за речиси сите клучни прашања од оваа област, како и вклучувањето на сите засегнати страни, значително придонесуваат за релевантноста на преговарачкиот процес и за формулирање на препораки и натамошни иницијативи за зголемена безбедност и сигурност.

Дополнително, таа се осврна на фактот дека успехот кој го бележи НКЕУ-МК не секогаш се одразува во напредокот на ЕУ интегративниот процес, кој се соочува со зголемена политичка условеност од страна на Унијата. Притоа нагласи дека реформите мора да бидат насочени кон доброто на граѓаните и да донесат вистински промени, потенцирајќи дека владеењето на правото и борбата против корупцијата и понатаму претставуваат клучни предизвици за државата. Особено загрижува, како што рече, нормализирањето на корупцијата како составен дел од системот.

**Милева ЃУРОВСКА**

**национален координатор на НКЕУ-МК, професор на Филозофски факултет, Скопје, претседателка на Европско движење;**



Проф. Ѓуровска изрази благодарност за активното учество и поддршката од страна на Министерството за внатрешни работи и другите релевантни институции, како и на говорниците и експертите кои придонесуваат за плодна и конструктивна дискусија. На крајот, таа посака успешна сесија и изрази надеж за континуирана работа и напредок во реформските процеси.



## Слободан ИВАНОВСКИ

**директор на Управата за финансиска полиција**

**Слободан Ивановски, директор на Управата за финансиска полиција**, во своето обраќање на 17-та сесија на Работната група 4 – Правда, слобода и безбедност, посочи дека конфиска-цијата на имот стекнат од криминал не е само техничка постапка, туку е директно поврзана со владеењето на правото, транспарентноста и јавната доверба.

Според него, тоа се клучни индикатори кои Европската Унија ги зема предвид при проценката на напредокот на земјите-кандидатки.

Ивановски го поздрави усвојувањето на новите закони поврзани со конфискацијата на имот (Закон за конфискација на имот во граѓанска постапка (Службен весник бр. 53/2024),
Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (Службен весник бр. 64/2024) и се очекува усвојувањето на новиот Кривичен закон со кој исто така се уредува конфискацијата. Исто така, се очекува имплементација на усвоената Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 со Акциски планоценувајќи. Овие легислативни промени преставуваат важен чекор кон усогласување со европските стандарди.

Сепак, тој укажа на неколку суштински слабости што и понатаму го попречуваат ефективното спроведување на овие реформи – фрагментираната институционална координација, неусогласените правни толкувања и ограничениот пристап до релевантни бази на податоци. Според него, ваквите препреки сериозно ја отежнуваат работата на терен, го усложнуваат откривањето и следењето на имотот стекнат од криминално потекло и ја намалуваат севкупната ефикасност на системот.

Клучната препорака на Ивановски беше итното воведување на дигитализација во процесите на финансиски истраги и конфискација. Тој ја истакна потребата од воспоставување единствена, интероперабилна платформа за размена и вкрстување на податоци меѓу сите релевантни институции – вклучувајќи го

Катастарот, банкарските регистри и регистрите на правни субјекти. Според него, ваквиот систем би овозможил брза и координирана реакција, особено во критичниот момент кога осомниченото лице дознава дека е предмет на истрага. На тој начин, значително би се намалил ризикот од пренос, прикривање или отуѓување на имот што потекнува од криминални активности.

Ивановски посочи дека Финансиската полиција веќе презема конкретни чекори за унапредување на својата ефикасност, меѓу кои се: зајакнување на аналитичките капацитети, иницирање законски измени и воспоставување поблиска соработка со јавното обвинителство уште во најраните фази од истражните постапки. Овие мерки, според него, се клучни за поефикасно следење и запирање на криминално стекнатиот имот.

Дополнително, тој ја нагласи и потребата од продлабочување на регионалната и меѓународната соработка преку вмрежување со иницијативи како CARIN (Camden Asset Recovery Inter-Agency Network) и BAMIN (Balkan Asset Management Interagency Network), кои овозможуваат размена на информации и добри практики за конфискација на имот. Особено значајна е и координацијата со Europol и Eurojust, со цел поефикасно следење и спречување на транснационални и дигитални финансиски текови, кои често се користат за перење пари и прикривање на нелегално стекнат имот.

Конфискацијата, заклучи тој, мора да биде ефикасна, дигитализирана и поддржана од функционален институционален систем. Само преку таков пристап, државата ќе може да испрати јасна и недвосмислена порака дека криминалот не се исплати, а стекнатиот имот на незаконит начин ќе биде брзо одземен и вратен во државниот буџет, за поддршка на образованието, здравството и други сектори од јавен интерес.



## Ирена ИЛИЕВСКА

**директорка на Агенцијата за управување со одземен имот**

**Ирена Илиевска, директорка на Агенцијата за управување со одземен имот**, ја истакна клучната улога на ефективната конфискација и одржливото управување со имотот стекнат преку кривични дела во борбата против организираниот криминал и корупцијата. Според неа, конфискацијата не е само техничка постапка, туку суштински дел од владеењето на правото и конкретен индикатор дали принципот дека „криминалот не се исплатува“ е реално спроведен.

Таа нагласи дека Европската Унија континуирано укажува на важноста на овој процес како дел од реформите во правосудството и борбата против високата корупција. Во тој контекст, Агенцијата за управување со одземен имот има централна улога во имплементацијата на политиките за конфискација.

Илиевска се осврна и на новиот Закон за управување со конфискуван имот, кој овозможува поефикасно, транспарентно и отчетно работење на агенцијата во сите клучни фази – од примопредавање и безбедно складирање, преку проценка на вредноста, па сè до понатамошна распределба или реупотреба на имотот во јавен интерес.

Од страна на директорката Ирена Илиевска беше нагласено дека формирањето на новиот Управен одбор на Агенцијата за управување со одземен имот, составен од претставници на клучни институции – Судскиот совет, Советот на јавни обвинители, Министерството за внатрешни работи и Царинската управа – претставува значаен чекор кон зајакнување на надзорот и стратешкото управување. Овој орган, како што истакна, не само што обезбедува засилен институционален мониторинг, туку и активно ќе придонесува во носењето на одлуки за управување со специфични категории на одземен имот.

Во рамките на визијата за изградба на модерна, функционална и европски усогласена институција, Агенцијата активно работи на процесот на дигитализација, вклучително и воспоставување на електронски регистар за евиденција на одземениот имот. Притоа се развива и соработка со меѓународни партнери и мрежи како AMIN, CARIN и ОБСЕ, со цел размена на знаења и добри практики.

Дополнително, Илиевска информираше дека се спроведуваат активности за социјална повторна употреба на конфискуваниот имот, преку негово доделување како донации на јавни институции во клучни сектори – како што се образованието, здравството и социјалната заштита – со што се обезбедува директна корист за граѓаните.

Сепак, таа укажа дека и понатаму постојат предизвици, особено во делот на интер-институционалната координација, која е од суштинско значење за функционирањето на системот. Само преку интегриран, транспарентен и отпорен систем може да се изгради доверба кај граѓаните и да се зајакне владеењето на правото.

На крајот, Илиевска упати апел за заедничка посветеност, конструктивен дијалог и усвојување на конкретни препораки што ќе придонесат за усогласување со европските стандарди и обновување на довербата во институциите.



## Сашо ПЕТРУШЕВСКИ

**државен секретар во Министерството за внатрешни работи**

**Сашо Петрушевски, државен секретар во Министерството за внатрешни работи,** го потенцираше суштинското значење на конфискацијата на имот стекнат преку криминал како клучна алатка во зајакнувањето на владеењето на правото и борбата против организираниот криминал.

Според него, конфискацијата не е само правен механизам, туку и силна порака до општеството дека криминалот не носи придобивки. Сепак, и покрај долгогодишната дебата на институционално и јавно ниво, реалните резултати во враќањето на криминално стекнатите средства назад кон државата и граѓаните се сè уште недоволни. Токму затоа, тој ја нагласи важноста на платформите за дијалог и координација како оваа, каде што сите засегнати страни – институции, експерти, и граѓанскиот сектор – можат да придонесат со конкретни решенија и анализи.

Во своето излагање, Петрушевски понуди детален увид во динамиката на криминалните активности – објаснувајќи дека криминалците дејствуваат со висока брзина, користејќи софистицирани методи, што го отежнува навременото и ефикасно дејствување на институциите. Оваа реалност бара системски одговори и унапредени механизми, кои ќе ја надминат постојаната институционална инертност.

Тој потсети дека државата од 2017 година наваму има усвоено три национални стратегии за борба против организираниот криминал и конфискација, а најновата е донесена во 2025 година. Оваа стратегија има за цел да ги надмине слабостите на претходните документи преку интегриран и проактивен пристап, кој вклучува 10 клучни институции. Но, како што подвлече

Особено се осврна и на потребата од меѓуинституционална соработка и дигитална интеграција на податоци, оценувајќи ги како клучни предуслови за зголемување на ефикасноста во борбата против организираниот криминал. Како илустрација, тој го посочи проблемот со неефикасното управување со возила одземени во кривични постапки – случаи каде поради долгите судски процеси, вредноста на возилата значително опаѓа, а истовремено државата троши значителни средства за набавка на нови возила за институционални потреби. Овој парадокс, според Петрушевски, бара системско решавање преку законски измени и унапредена координација меѓу институциите, со цел да се овозможи навремено ставање во функција на конфискуваниот имот.

На крајот, тој испрати силна порака дека криминалот мора да биде несоисплатлива „професија", а враќањето на средствата стекнати преку криминал назад во државниот буџет претставува суштински чин на правда. Тие средства, нагласи тој, треба да се насочат кон општествени цели – во образованието, здравството и социјалната заштита – со што директно ќе се врати довербата на граѓаните во институциите и ќе се зајакне легитимитетот на правниот систем.



**Андреј ЛЕПАВЦОВ**

**амбасадор, директор на Директоратот за европска интеграција при Министерството за надворешни работи и претседател на Паневропската унија во Македонија**

**Трпе СТОЈАНОВСКИ**

**експерт на НКЕУ-МК, професор на Факултетот за безбедност, УКЛО**



**Андреј Лепавцов, амбасадор и директор на Директоратот за европска интеграција при Министерството за надворешни работи**, во својство на копретседавач на Работната група за Поглавје 24 – Правда, слобода и безбедност, го нагласи растечкиот јавен притисок за одговорност, транспарентност и резултати од страна на институциите. Според него, сè појасно е дека граѓаните имаат зголемени очекувања од носителите на одлуки, што јасно се гледа низ јавните дебати, критички осврти и општествената динамика околу владеењето на правото.

Во таа насока, тој истакна дека дигитализацијата и интероперабилната размена на податоци меѓу институциите се клучни предуслови за успешно справување со криминално стекнатиот имот, како и за зголемување на ефикасноста и отчетноста на институционалниот систем. Недостатокот од автоматизирана комуникација и пристап до релевантни бази на податоци, според него, претставува една од главните пречки за навремена идентификација, следење и конфискација на сомнителен имот.

Лепавцов посочи и конкретен пример за недоволна контрола и слабости во однос на имотот поврзан со прекршочни постапки, што го илустрира поширокиот проблем на непотполна и нецелосна проверка на потеклото на средствата. Ова, како што објасни, овозможува одредени правни субјекти или поединци да избегнат одговорност и да го прикријат вистинското потекло на имотот. Во продолжение, Лепавцов ја истакна важната улога на Националната конвенција за Европската Унија (НКЕУ-МК) во процесот на приближување кон европските стандарди. Тој подвлече дека Конвенцијата активно придонесува со анализа, експертски препораки и конструктивна критика, кои треба да бидат сериозно земени предвид. Притоа изрази надеж дека изготвените препораки ќе најдат своја примена – не само во идните законски измени, туку и во реал-ната институционална пракса.

**Трпе Стојановски, експерт на Националната конвенција за ЕУ и професор на Факултетот за безбедност при УКЛО**, во своето излагање ја нагласи суштинската важност на конфискацијата на имот стекнат преку криминал како еден од најмоќните механизми за борба против организираниот криминал и воспоставување на праведност во општеството.

Тој истакна дека токму конфискацијата претставува најсилниот удар врз сторителите на кривични дела, бидејќи им го одзема главниот мотив – финансиската добивка од нивните незаконски активности. Првиот закон за конфискација во Македонија е донесен уште во 2009 година, но до денс не е забележен некаков напредок. Во меѓувреме се донесе и нов закон, но и неговата имплементација сè уште е симболична иако постојат заселени легислативни инцијативи. Македонија, како прва земја од регионот што ја потпиша Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ, денес заостанува во однос на ефективноста на примената на законите за конфискација, особено во споредба со соседна Албанија каде што постојат значајни резултати.

Во своето излагање, Стојановски укажа и на неколку структурни и политички пречки кои го забавуваат процесот на конфискација:

- Политичките аболиции, кои испраќаат контрапродуктивна порака и го ослабуваат капацитетот на државата да се справи со високиот криминал;
- Недостатокот на човечки и финансиски ресурси, особено во Јавното обвинителство и други истражни органи, што влијае врз обемот и квалитетот на истрагите;
- Отпорот кон дигитализација и недоволната размена на информации меѓу институциите, што ја попречува интер-институционалната ефикасност.

Стојановски исто така подвлече дека ниската доверба на граѓаните во судството и обвинителството дополнително ја ослабнува поддршката за институциите и нивната борба против криминалот. Во таа насока, тој укажа на потребата од:

– поинтензивни антикорупциски мерки во насока на спроведување на веќе донесените одлуки од правосудниот систем (веќе изречени санкции),

– јакнење на институционалните капацитети во поглед на регрутирањена квалитетни и мотивирани човечки ресурси,

– континуирана заедничка стручна едукација на кадрите релевантните тела,

– и професионално управување заплентиот имот и со човечките ресурси.

Иако ја призна важноста на поддршката од Европската Унија, Стојановски беше дециден дека вистинскиот импулс за промени мора да дојде од внатре – од искрената политичка волја и решеност на државата да ги спроведе реформите и доследно да ги применува постојните закони. Само со таков пристап, нагласи тој, ќе може да се воспостави функционална и праведна држава во која криминалот навистина не се исплатува.



**Александра ДЕАНОСКА ТРЕНДАФИЛОВА**

**експерт на НКЕУ-МК, професорка на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје;**

**Александра Деаноска-Трендафилова, експерт на НКЕУ-МК и професорка на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ,** во своето излагање ја нагласи сложеноста и бројните предизвици поврзани со институционалниот одговор на конфискацијата и управувањето со имотот стекнат преку криминал. Таа истакна дека ова прашање постојано се наоѓа на агендата на работните групи во рамките на Националната конвенција за ЕУ, но дека повторно се враќаме на истите слабости поради бавниот напредок и нецелосната примена на постојните механизми.

Според Деаноска-Трендафилова, конфискацијата не е сама по себе крајна цел, туку средство преку кое се оневозможува користењето на нелегално стекнати средства и се овозможува нивно враќање во државниот буџет.

Таа подвлече дека организираниот криминал и корупцијата често се неколку чекори пред правосудниот систем, користејќи правни и институционални слабости за да го заобиколат процесот. Затоа, како што рече, битката против криминалот не може да се сведе само на кривичен прогон, туку мора да вклучува ефикасно одземање на нелегално стекнатиот имот, со цел да се спречи сторителите да продолжат да уживаат во плодот на криминалните активности.

Во својата анализа, таа го објасни комплексниот пат од нелегалното стекнување до конфискацијата и управувањето со имотот, процес што вклучува неколку клучни фази:

– детекција на сомнителен имот,

– замрзнување и привремени мерки,

– судска одлука,

– и управување со одземениот имот.

Таа укажа дека во Македонија постојат правни празнини и недоследности во примената на различните модели на конфискација – кривична, граѓанска и проширена – што создава правна несигурност и го отежнува ефективното постапување. Дополнително, таа укажа на сериозни институционални слабости – вклучително и: недостаток на практично искуство; ограничени капацитети за истраги и анализа; недоволна координација меѓу надлежните органи; и сериозен недостиг на човечки и финансиски ресурси, особено во јавните обвинителства и истражните центри.

Во однос на законодавната рамка, Деаноска-Трендафилова подвлече дека е потребно: усогласување со европските директиви; јасно разграничување на различните типови конфискација; и ревизија на процедурите што ги регулираат известувањата, истражните рокови и надлежностите, особено кај финансиската полиција. Таа предупреди дека постоечките законски решенија и неадекватните рокови може да доведат до блокади, доцнења и неефикасност, што криминалните структури умешно го користат.

На крајот, Деаноска-Трендафилова нагласи дека ефективната борба против криминалот бара функционална координација меѓу институциите, унапредување на стручните капацитети и суштински законски измени. Таа изрази надеж дека реформскиот процес ќе продолжи со забрзано темпо и дека ќе се воведат неопходните подобрувања кои ќе придонесат кон јакнење на владеењето на правото и воспоставување на систем што ќе биде отпорен на злоупотреби.




## Лиле СТЕФАНОВА

**јавна обвинителка, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија**

**Лиле Стефанова, јавен обвинител**, во своето излагање се осврна на главните предизвици и досегашните достигнувања во борбата против организираниот криминал и конфискацијата на имот стекнат со криминални активности. Таа нагласи дека во последните години се вложуваат значителни напори за усогласување на домашното законодавство со европските стандарди, вклучително и донесување на стратегии и акциски планови за унапредување на капацитетите на институциите во областа на финансиските истраги и конфискацијата.

Сепак, како што подвлече, критичните проблеми не се само законодавни, туку пред сè практични и институционални, особено во фазата на спроведување на законите. Пример за тоа е недоследната примена на Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка, каде што се јавуваат разлики во толкувањето и постапувањето од страна на различни институции.

Тоа, според Стефанова, резултира со отежната меѓуинституционална координација и губење на конкретни средства и имот што биле предмет на истраги.

Како посебно илустративен случај го посочи предметот „Панде Лазаров“, каде што по завршување на кривичната постапка и изречената пресуда за незаконски стекнат имот, институциите не успеале навремено и координирано да ја спроведат конфискацијата. Резултатот, како што рече, бил губење на вреден имот кој не бил обезбеден на време, а потоа бил пренесен или отуѓен. Овој случај, рече таа, укажува на системски слабости, особено во недостатокот на континуирана комуникација меѓу судот, обвинителството, финансиската полиција и Агенцијата за управување со одземен имот.

Стефанова ја нагласи и важноста на Канцеларијата за поврат на имот, која треба да биде централен механизам за спроведување на судските одлуки за конфискација. Но, таа предупреди дека ограничените човечки и материјални капацитети, како и недоволно јасната улога на оваа канцеларија, значително ја намалуваат нејзината ефикасност и ја прават ранлива на институционални пропусти.

Дополнително, јавната обвинителка укажа на постоење на правни празнини и неусогласености во роковите за постапување, што го комплицира процесот на откривање, обезбедување и одземање на имот. Според неа, без соодветно темпирани законски одредби и оперативна поддршка од сите надлежни институции – особено финансиските, банкарските и катастарските органи – борбата против организираниот криминал и корупцијата останува нецелосна и фрагментирана.

Таа посебно ја нагласи потребата од постојана и квалитетна обука за јавните обвинители, истражителите и судиите, кои директно се вклучени во процесите на идентификација и конфискација на имот. Притоа, апелираше за подобра поддршка и соработка со финансиските институции, кои играат суштинска улога во следењето на сомнителните трансакции и финансиски текови.

На крајот, Стефанова подвлече дека и покрај донесените закони и стратегии, вистинскиот предизвик останува – нивната доследна и ефикасна имплементација. Таа потенцираше дека клучна цел мора да биде откривањето, обезбедувањето и враќањето на незаконски стекнатиот имот во државниот буџет, како видлива форм



**Илија ЧАЛШЕВ МЕНИС**

**помошник-директор на Одделението за криминалистичка полиција, Министерство за внатрешни работи;**

**Илија Чалшев Менис, помошник-директор на Одделението за криминалистичка полиција при Министерството за внатрешни работи,** ја истакна клучната важност на ефикасниот институционален одговор во справувањето со конфискацијата и управувањето со имот стекнат преку криминал. Според него, дијалогот на оваа тема ќе укаже на индикаторте за нивото на подготвеност на државата да се справи со организираниот криминал, но и проценка на функционалноста на правосудниот систем, доверба кај граѓаните и воспоставување на правна сигурност и правична економија.

Менис информираше дека Владата неодамна ја усвои третата по ред Стратегија за финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025–2028 година, која се темели на претходни искуства и ги адресира клучните слабости во системот. Новата стратегија предвидува унапредување на меѓуинституционалната координација, воведување на јасни линии на одговорност, зајакнат мониторинг на спроведувањето и вклучување на шира база институции, меѓу кои финансиската полиција, Царината, Управата за јавни приходи и Агенцијата за управување со конфискуван имот.

Во своето излагање, Менис подвлече дека, и покрај донесените закони и воспоставени специјализирани единици за финансиски истраги, институциите и понатаму се соочуваат со сериозни предизвици. Меѓу нив:

– недостаток на стручен и технички обучен кадар, особено за сложени финансиски трансакции,

– фрагментирана и неусогласена размена на информации меѓу институциите, што ја забавува реакцијата,

– ограничени овластувања на полицијата во делот на финансиските истраги, посебно кога станува збор за нови форми на имот како што се криптовалути, виртуелни средства и дигитални портфолија.

Менис укажа дека криминалците сè почесто користат децентрализирани и нерегулирани дигитални системи за прикривање на имотот, што претставува значителен предизвик за органите на прогонот. Во овој контекст, тој ја истакна итната потреба од обука на истражителите за следење на дигитални пари, блокчејн трансакции и користење специјализирани алатки за откривање на крипто-имот.

Дополнително, Менис посочи дека и покрај постојните закони, постои преклопување на надлежности меѓу институциите – пример се судирите на надлежност меѓу финансиската полиција, УЈП, МВР и јавното обвинителство при водење на истраги. Затоа, неопходно е координирано изменување на релевантните закони – како што се Законот за финансиски истраги, Законот за полиција, Законот за кривична постапка и Законот за конфискација – со цел да се воспостават јасни, непреклопувачки надлежности, временски рокови и меѓуинституционални протоколи за постапување.

Во својот заклучок, Менис порача дека суштинската борба против организираниот криминал и финансиските злоупотреби бара три клучни столба: стратешка храброст, техничка компетентност и институционална чесност. Само со ваков пристап, истакна тој, Македонија може веродостојно да се позиционира како правна држава и да го изгради сигурниот и доверлив пат кон полноправно членство во Европската Унија.



## Благоја ПАНДОВСКИ

**извршен директор, Транспаренси Интернешнл – Македонија**

**Благоја Пандовски, извршен директор на Транспаренси Интернешнл – Македонија**, го започна своето обраќање со благодарност за можноста да учествува во дебатата за конфискација на имот стекнат со криминал, оценувајќи ја темата како суштинска за воспоставување на правна држава и борба против системската корупција. Тој истакна дека, и покрај постоењето на релевантна законска рамка – како што се Кривичниот законик,

Законот за кривична постапка и Законот за управување со конфискуван имот – нивната практична примена е ограничена поради институционални недостатоци, слабости во координацијата, недоволни ресурси и отсуство на ефикасна контрола.

Посебен акцент Пандовски стави на критика на новата иницијатива за Закон за конфискација во граѓанска постапка, оценувајќи ја како нејасна, нефункционална и потенцијално ризична. Според него, предложениот закон е проблематичен од неколку аспекти:

- Прво, тој ја префрла тежината на доказот на граѓанинот, кој не само што треба да докаже дека имотот е во негова сопственост, туку и дека тој (или неговите предци) го стекнале на легален начин – нешто што е практично невозможно во многу случаи поради недостиг на документација од минати децении.
- Второ, оваа пракса, истакна тој, не е во склад со основните начела на владеење на правото, бидејќи ја нарушува презумпцијата на невиност и правото на фер постапка, кои се темелни принципи во правниот систем на Европската унија и Европската конвенција за човекови права.
- Трето, ваквата формулација отвора врата за селективна примена и политички мотивирани злоупотреби, особено во случаи каде што институциите се подложни на политички или економски притисоци.

Дополнително, Пандовски се осврна на сериозните институционални предизвици со кои се соочува системот на конфискација. Тој укажа на: недоволен број на јавни обвинители, судии и истражители, ограничена административна и ИТ поддршка, и отсуство на функционална дигитална интероперабилност меѓу клучните институции.

Во моментов, како што објасни, не постои централизирана електронска платформа што би овозможила брза, сигурна и усогласена размена на податоци меѓу Управата за јавни приходи, Катастарот, Централниот регистар и останатите надлежни органи, што доведува до дуплирање на процедури, доцнења, пропусти и, во одредени случаи, до изгубен или отуѓен имот.

Како клучна слабост, Пандовски ја посочи и Канцеларијата за поврат на имот при Јавното обвинителство, за која оцени дека не располага со потребните ресурси, ниту со институционална автономија за да ја врши својата улога на ефективен гарант за враќање на конфискуваниот имот. Наместо тоа, таа функционира во рамки на ограничени капацитети, со нејасни надлежности и без соодветни механизми за оперативна соработка со другите институции.

Во тој контекст, Пандовски препорача трансформација на оваа канцеларија во самостојна, независна Агенција за управување со конфискуван имот, која би имала јасно дефинирани надлежности, обезбеден буџет, професионален кадар и овластувања за управување, мониторинг, продажба и социјална распределба на одземениот имот. Таков модел, како што истакна, веќе функционира во неколку европски држави (како Италија, Франција и Бугарија) и покажува добри резултати.

Во заклучокот на своето излагање, Пандовски порача дека без вистинско зајакнување на институционалните капацитети и нивната дигитална и правна поврзаност, борбата против организираниот криминал и корупцијата преку конфискација ќе остане декларативна и без вистински ефект. „Не е доволно да постои закон – потребна е политичка волја, стручност и отчетност за тој закон да се спроведе доследно, правично и ефикасно,“ заклучи тој.



## Едвард АНДЕРСОН

**раководител на Одделот за јавна безбедност и соработка со заедницата, Мисија на ОБСЕ во Скопје**

**Едвард Андерсон, раководител на Одделот за јавна безбедност и соработка со заедницата при Мисијата на ОБСЕ во Скопје**, изрази силна и принципиелна поддршка за напорите на македонските институции во областа на конфискацијата на имот стекнат преку криминал. Во своето излагање, тој ја опиша конфискацијата како „апсолутен инструмент за социјална реконструкција“, со потенцијал да се искористи не само за казнување на сторителите, туку и како средство за обнова на оштетените заедници и поддршка на жртвите.

Андерсон ја истакна потребата од системски и стратешки пристап кон конфискацијата, особено во борбата против организираниот криминал, трговијата со луѓе, нелегалната миграција и финансиските измами. Тој нагласи дека конфискуваниот имот не треба да се гледа само како казнена мерка или финансиски бенефит за државата, туку и како ресурс што може да биде трансформиран во алатка за општествена правда. Споделувајќи лично искуство со реален случај – т.н. „конфискација на фарма“, каде што имот од трговци со луѓе бил конфискуван и реупотребен – Андерсон ја нагласи вредноста на повторната употреба на имотот во корист на жртвите и локалните заедници. Тој постави провокативно, но суштинско прашање: „Како можеме, на пример, да конвертираме конфискуван Биткоин во психолошка поддршка за жртви на сексуална експлоатација?“

Со ова, тој укажа на потребата од модерна и флексибилна правна рамка, способна да се справи со нови облици на имот – како што се криптовалутите, дигиталните средства и виртуелните платформи за тргување – и истовремено да одговори на реалните потреби на жртвите и заедниците.

Андерсон посочи дека Република Северна Македонија има постигнато импресивен напредок во градење на правна рамка за конфискација, но подвлече дека вистинскиот предизвик останува нејзината практична примена. „Законите се добри, но апликацијата на законите е местото каде што се добива или се губи битката,“ нагласи тој.

Тој го потенцира значењето на обучени, добро координирани институции – полиција, обвинителство, судство, финансиски истражители – кои се способни да дејствуваат правовремено, да го идентификуваат, замрзнат и распределат криминално стекнатиот имот. Според него, сите фази на процесот – пред, за време и по конфискацијата – мора да бидат транспарентни, правно засновани и отчетни.

Меѓу клучните предлози што ги изнесе, Андерсон повика на размислување за паралелни административни механизми, кои би го надополниле судскиот процес, како и на јавно-приватни партнерства за управување со имотот. Тој предложи да се обезбеди правна патека што ќе овозможи конфискувани средства – особено криптовалути – да бидат реинвестирани директно во програми за поддршка на жртви или развој на заедници погодени од криминални активности.

Во своето излагање, Андерсон зборуваше не само како претставник на ОБСЕ, туку и како родител, подвлекувајќи дека ова прашање не е само техничко, туку и морално. „Ова го правите не само за да ја заштитите државата, туку и за да создадете иднина во која моите деца – како и вашите – ќе растат во безбедна и праведна средина,“ истакна тој.

Како заклучок, Андерсон ја повика државата да продолжи со „динамична и еволутивна работа“ во оваа критична сфера и изрази уверување дека со правилна имплементација на постојните законски алатки, Северна Македонија може да стане пример и лидер во регионот во сферата на конфискација на имот и социјална правда.



## Дарко АВРАМОВСКИ

**раководител на Одделот за јавна безбедност и соработка со заедницата, Мисија на ОБСЕ во Скопје**

Дарко Аврамовски, извршен директор на Коалицијата „Сите за правично судење“, во своето излагање се послужи со сликовита метафора, според која „конфискацијата е како радиоактивен отпад: присутна, опасна, но ретко кој сака да се справува со неа.“ Оваа метафора, како што објасни, не е случајна – институциите кои треба да постапуваат во процесите на конфискација често немаат ниту ресурси, ниту капацитет, ниту заштита за да се справат со последиците.

Судовите и обвинителствата, рече тој, се соочуваат со хроничен недостаток на информации, несоодветна опрема, недостиг од експертиза, а што е уште поважно – немаат волја.

Аврамовски остро го критикуваше долгорочниот институционален молк околу недостигот на буџет за судството и обвинителството, прашувајќи директно: „Зошто никој од институциите не се бори за средствата што законски им следуваат?“ Тој го оцени овој молк како симптом на длабока демотивација и страв од конфронтација со моќни центри на влијание. Според него, ако институциите не покажуваат борбеност за сопствениот буџет, тогаш како може да се очекува да се борат за одземање имот од олигарси, политички моќници и корумпирани мрежи?

„Ако не се борат за буџет, како ќе се борат да одземат имот од моќници?“ – праша тој.

Аврамовски посебно го потенцираше алармантниот недостаток на ресурси во помалите обвинителства, како на пример во Кичево, каде – како што рече – „нема ни пари за основни вештачења, а не пак за сложени постапки како проширена конфискација.“ Во вакви услови, институциите не се способни да водат ефикасни истраги, а не пак да конфискуваат имот кој е сокриен, трансформиран или пренесен преку офшор структури.

Дополнително, тој го истакна фактот дека најтешките и најзначајните случаи – оние што се однесуваат на висока корупција и политички експонирани лица – многу ретко завршуваат со реална конфискација. Наспроти тоа, Агенцијата за управување со одземен имот е преоптоварена со безвредни предмети – како дотраени автомобили, облека или предмети кои немаат пазарна вредност – додека вредниот имот останува недопрен или „исчезнува“ низ лавиринтите на правниот систем.

„Државата се обидува да трча маратон без загревање“, предупреди Аврамовски – алудирајќи на ситуацијата каде вниманието е насочено кон формални концепти, закони и стратегии, додека основните предуслови за нивна примена – професионализам, дисциплина и доследност во секојдневната работа – не се обезбедени.

Во своето заклучно обраќање, Аврамовски порача дека вистинската промена нема да дојде од нови закони, туку од храбри и одговорни поединци во институциите.

„Промената ќе започне тогаш кога обвинителствата и судовите ќе почнат да го прават она што веќе можат – и без нов закон и без дополнителни ресурси.“

Оваа порака, рече тој, не треба да се сфати како критика без насока, туку како повик за будење на системот од летаргијата – за да не остане борбата против корупцијата и конфискацијата на имот само декларативна заложба, туку конкретна, видлива и опиплива реалност.



**Марина МИТРЕВСКА**

**координаторка на Работната група 4, професорка на Институтот за безбедност, одбрана и мир, Филозофски факултет, УКИМ, Скопје**

## ДИСКУСИЈА

Дискусијата на членовите на Работната група за Поглавје 24 –Правда, слобода и безбедност беше модерирана од проф. д-р Марина Митревска, при што се отворија суштински прашања поврзани со ефективноста на институционалниот одговор во областа на конфискацијата на имот стекнат преку криминал.

## ЗАКЛУЧОЦИ ОД ДИЈАЛОГОТ



**1. Развој на интегрирана дигитална платформа за размена на податоци**

Воспоставување на заедничка дигитална инфраструктура за вкрстување на информации помеѓу: МВР, УЈП, Катастар, Централен регистар, Судови, Обвинителства и Агенцијата за управување со одземен имот.
Платформата треба да овозможува автоматизирани известувања, следење на трансакции, историјат на сопственост и моментален статус на имотот.

**2. Усогласување на законската рамка – консолидирана и функционална регулација**

- Спојување и ускладување на законите за: Кривична конфискација; Проширена конфискација; и Граѓанска конфискација (да се елиминираат недоречености и ризици за повреда на правата).
- Прецизно дефинирање на правните термини (имот, несразмерна добивка, добивка од трето лице и сл.).
- Ревидирање на Законот за конфискација во граѓанска постапка за да се отстрани товарот на доказ кај граѓанинот за потекло на имот на предци (почитување на принципот на презумпција на невиност).

**3. Меѓуинституционална координација преку функционален Управен одбор**

Активирање на новоформираниот Управен одбор на Агенцијата за одземен имот со јасна надлежност за: стратешко управување со вреден и специфичен имот, согласност за донации и реупотреба и надзор на складовите, проценките и тековните случаи.

**4. Јакнење на институционалните капацитети**

- Зголемување на бројот и лицата со експертиза за: финансискиско истражување, обвинители и судии специјализирани за конфискација и ИТ и правни аналитичари во сите засегнати институции.
- Обуки за следење криптовалути, дигитални траги и употреба на специјализиран софтвер.

**5. Институционална реформа на Канцеларијата за поврат на имот**

- Трансформација на Канцеларијата во автономна агенција со законски дефинирани надлежности, посебен буџет и професионален кадар.
- Автоматска поврзаност со електронските системи на институциите за следење, иницирање и управување со предмети.

**6. Оптимизација на управувањето со одземен имот**

- Воведување на ефикасни постапки за брза проценка, складирање и реупотреба на конфискуван имот (возила, недвижности, крипто-активи).
- Правна рамка за трансформација на конфискуван имот во општествена вредност – на пример, пренос на средства за поддршка на жртви, образование, здравство или локални заедници.

**7. Фокус на висока корупција и политички чувствителни случаи**

- Институциите да насочат ресурси и внимание кон крупни случаи со висок јавен интерес.
- Мониторинг на политички експонирани лица, јавни набавки, офшор мрежи и транснационални криминални групи.

**8. Правна сигурност и заштита на човековите права**

- Сите постапки на конфискација да бидат во согласност со стандардите на Европскиот суд за човекови права, вклучително и фер судење, правна сигурност и пропорционалност.
- Јавна достапност на критериумите и роковите по кои се водат постапките.

**9. Консолидирани стратегии и реална имплементација**

- Стратешките документи (на пример, Стратегијата за конфискација 2025–2028) да не останат на хартија – туку да вклучуваат: индикатори за резултати, годишни извештаи и редовен надзор од страна на Собранието или независно тело.

**10. Модернизација и опрема на мали обвинителства и судови**

- Специјални буџети за локалните единици кои немаат пристап до вештачења, експерти или соодветна инфраструктура (пример: обвинителството во Кичево).
- Мобилни тимови за поддршка при сложени случаи.

**11. Јавно-приватни партнерства и социјална реупотреба**

- Развивање модел за јавно-приватно управување со специфични типови имот (недвижности, земјоделски објекти).
- Програми за социјална повторна употреба (донации на училишта, болници, центри за жртви).

**12. Воспоставување правна патека за управување со крипто-имот**

- Разработка на законски механизми за: детекција и замрзнување на криптовалути, претворање на овие валути во валута во оптек, трансфер во државниот буџет или социјални фондови.



8. Балканските криминални групи стануваат клучни играчи во европската трговија со кокаин поради стратешката географска положба на регионот, долгогодишното искуство во шверц преку „балканската рута“ и нивните флексибилни, децентрализирани мрежи. Тие воспоставуваат директни врски со јужноамерикански картели и контролираат логистика преку големи и помали пристаништа, интегрирајќи се во европскиот пазар и вршат дистрибуција на дрога директно во Германија, Италија, Шпанија и Холандија. Организациите се професионализирани, со силна поддршка на дијаспората и насилни методи за контрола. Последиците се зголемено насилство, корупција и јакнење на нелегалната економија, што бара зајакната регионална соработка и интеграција со европските механизми.

9. Канабисот сè почесто се користи како „валута“ во меѓународната трговија со дрога, особено за размена со кокаин и синтетички супстанции. Балканските криминални групи, со лесен пристап до производство (особено во Албанија и делови од Македонија), го користат како средство за договори со јужноамерикански и западноевропски партнери. Овој модел ја намалува потребата за парични трансакции, отежнувајќи го следењето на финансиските текови, и овозможува создавање на посложени криминални мрежи, кои се потешко се откриваат за истражните органи.

10. Конфискацијата на имот претставува еден од најефикасните инструменти за борба против организираниот криминал, бидејќи директно ги лишува криминалните групи од нивните незаконски стекнати приходи и ресурси. Со одземање на недвижности, возила, финансиски средства и други вредности, се намалува нивната моќ и капацитет за понатамошно делување. Дополнително, конфискуваниот имот може да се пренамени за јавни или општествено корисни цели.

11. Националните политики за дроги треба да се усогласат со европските стандарди, прилагодени на домашните специфики, со цел поефикасно справување со предизвиците. Потребна е засилена размена на податоци и искуства со тела како EMCDDA за мапирање на трендовите и ризиците. Дополнително, неопходна е поголема меѓународна соработка со Европол, Еуројуст и ОБСЕ, вклучително формирање заеднички истражни тимови.

**НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (НКЕУ-МК)**

17 СЕСИЈА НА РАБОТНА ГРУПА 4, ПРАВОСУДСТВО И ТЕМЕЛНИ ПРАВА, ПОГЛАВЈЕ 24
Скопје, 14 јули 2025, 09:30-14:00

## ПРЕПОРАКИ

Тема: **„Ефикасноста на институционалниот одговор во Република Северна Македонија на препораките на ЕУ за конфискација и управување со имот стекнат од криминал“**

### Препорака 1: Усогласување на законските основи за конфискација

Со донесувањето на Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка се воведе нов механизам што се надоврзува на постојните форми на кривична конфискација. Но, во пракса се јавуваат преклопувања и нејаснотии меѓу различните видови конфискација, што создава правна несигурност и ризик од нееднаква примена.

Се препорачуваат измени и појаснувања во Законот, со цел јасно да се утврди кога се применува кривична, а кога граѓанска конфискација – особено во случаи на правни или фактички пречки за гонење (смрт на сторител, бегство, застареност и сл.). Со тоа ќе се обезбеди правна јасност, ќе се избегнат дупли постапки и ќе се зголеми ефикасноста на системот за конфискација.

Надлежни институции: Министерство за правда (како предлагач на измените), Работната група за законодавство за конфискација, во координација со Јавното обвинителство, Управата за финансиска полиција и судовите.

### Препорака 2: Јакнење на институционалните и човечки капацитети за финансиски истраги и конфискација на имот.

Иако на истражните тела им се доверени сериозни надлежности – испитување на законското потекло на имотот, финансиски анализи и обработка на податоци – условите за работа сè уште не се соодветни за сложени истраги. Со воведувањето на нови механизми за конфискација, овие предизвици стануваат уште поголеми.

За да се зголеми капацитетите и ефикасноста на финансиските истраги и да се обезбеди поуспешна примена на законите за конфискација се препорачува:

Министерството за финансии, во координација со Владата, да:

- обезбеди дополнителни буџетски средства за институциите што спроведуваат финансиски истраги и конфискација;
- да се обезбедат нови вработувања финансиски истражители, обвинители и судии специјализирани за конфискација, како и ИТ и правни аналитичари и план за нивно континуирано обучување за истрагите во современи услови, особено во Управата за финансиско разузнавање (УФР);

**Препорака 3: Усогласување на одредбите за проширена конфискација со Директивата (ЕУ) 2024/1260.**

Се препорачува Министерството за правда да иницира измени во Кривичниот законик со цел усогласување со член 14 и другите релевантни одредби од Директивата (ЕУ) 2024/1260 за конфискација на имот. Директивата предвидува посилни механизми за управување со одземен имот – вклучувајќи воспоставување специјализирани органи или служби, поефикасно управување со замрзнат или конфискуван имот, транспарентност во користењето на средствата и нивно насочување за општествена добро (фондови за жртви на криминал, социјални служби, јавни проекти или борба против криминал). Постапување според Директивата ќе придонесе за:

- појасни критериуми за проширена конфискација;
- воспоставување професионални структури за управување со имотот;
- зголемена правна сигурност и доверба во постапките;
- подобра искористеност на одземениот имот за јавни и општествени цели.

**Препорака 4: Ограничување на можностите за злоупотреба на известувањата за потекло на имот и заштита на капацитетите на Управата за финансиска полиција**

Во практиката се забележува ризик физички или правни лица да поднесуваат неосновани или злонамерни пријави за имот со сомнително потекло. Таквите пријави можат да ја преоптоварат Управата за финансиска полиција (УФП), да создадат административни блокади и да го отежнат водењето на сериозни финансиски истраги.
Затоа се препорачува Министерството за правда, во консултација со УФП и Министерството за внатрешни работи, да предложи измени на член 10 од Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка. Измените треба:

- јасно да утврдат кои лица можат да поднесат известување (само со докажан легитимен правен интерес);
- да бараат доставување конкретни и проверливи информации;
- да постават јасни критериуми за оценка на пријавите.

**Препорака 5: Враќање на алатките за борба против висока корупција.**

Со измените на Кривичниот законик усвоени на 7 септември 2023 се намалија казните за сериозни кривични дела поврзани со злоупотреба на службена положба и корупција, што директно го ослабна системот за гонење и ја поткопа примената на инструментите за конфискација. Последиците се видливи особено во високо профилирани случаи на корупција, каде постои ризик од неказнивост и губење на јавната доверба во институциите.
За да се врати ефикасноста во борбата против корупцијата, неопходно е:

- итно ревидирање на овие измени и враќање на построги казнени политики;
- целосна примена на проширената конфискација, дури и во случаи кога не е донесена осуда;

- овозможување конфискација без осуда во ситуации кога постојат правни или фактички пречки за кривично гонење (на пр. смрт на обвинетиот, застареност, бегство);
- спроведување на финансиски истраги како клучен инструмент за следење и одземање на нелегално стекнат имот.

**Препорака 6: Проверка и зајакнување на интегритетот на лицата што спроведуваат истраги и санкционирање на судир на интереси**

Функционалниот систем за конфискација на незаконски стекнат имот е невозможен без високи стандарди на интегритет на лицата што спроведуваат истраги, финансиски анализи и управување со одземен имот. Случаи на судир на интереси, непријавен имот или коруптивно однесување кај овие службени лица директно го поткопуваат процесот – од прибирање на докази до донесување судски одлуки.
За надминување на овие слабости потребно е:

- јасна законска обврска за редовно и транспарентно пријавување на имот и интереси од страна на службените лица како редовна постапка на надлежните институции;
- строга примена на санкции за утврдени случаи на судир на интереси и непријавен имот, со фокус на лица вклучени во финансиски истраги и управување со конфискуван имот;
- овозможување на ДКСК да има пристап до релевантни финансиски и судски податоци за побрзо утврдување на неправилности со цел ефикасно спроведување на санкциите.

Надлежностите за спроведување на оваа препорака се распределуваат на: Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) која е одговорна за истражување, постапување и предлагање санкции, Министерството за правда за зајакнување на постојната регулатива, управните тела на истражните институции, интегритетот и Собранието на РСМ е надлежно за усвојување на овие измени и вршење надзор врз нивната примена.

**Препорака 7: Воспоставување на интегрирана дигитална платформа и механизам за координација**

Се препорачува воспоставување единствена, интероперабилна дигитална платформа преку која Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство, Управата за јавни приходи, Катастарот, Централниот регистар, Судовите, Управата за финансиска полиција и Агенцијата за управување со одземен имот ќе имаат автоматизиран пристап и размена на податоци. Платформата треба да овозможи следење на трансакции, историја на сопственост, автоматски известувања и мониторинг на имот за навремена реакција и спречување на прикривање или префрлување на криминално стекнат имот. Како модел може да се искористи европската иницијатива **PAYBACK**. Во рамки на оваа платформа треба да функционира формализиран механизам за

институционална координација – со редовна размена на информации, интегрирани анализи на ризици и координирани акции. Надлежни за воспоставување и функционалност на овој систем се Владата и Министерството за правда.

**Препорака 8: Зајакнување и трансформација на Канцеларијата за поврат на имот (ARO)**

Канцеларијата за поврат на имот (АРО) во рамки на Обвинителството за организиран криминал моментално функционира со само еден назначен обвинител и без наменски средства на располагање, што сериозно ја ограничува нејзината ефикасност. За да се обезбеди ефективно спроведување на мерките за одземање и враќање на криминално стекнат имот, неопходно е итно да се зајакнат институционалните капацитети на ова тело преку посебна буџетска ставка, пристап до релевантни бази на податоци, дополнителен стручен кадар и современа ИТ-инфраструктура. Паралелно, потребно е пошироко зајакнување на Јавното обвинителство за поефикасно гонење на финансиски криминал и перење пари. Долгорочно, се препорачува трансформација на АРО во независна Агенција за управување со одземен имот со сопствен буџет, професионален кадар и законски утврдени надлежности. Со тоа ќе се овозможи интероперабилност со националните институции и ефективна соработка со европските мрежи (CARIN, BAMIN и АРО точките во ЕУ), што ќе придонесе за побрза идентификација, замрзнување и враќање на криминално стекнат имот. Надлежни за спроведување на оваа препорака се Јавното обвинителство (дефинирање на потребите), Министерството за финансии (обезбедување средства), како и Владата и Собранието (политичка и буџетска поддршка).

**Препорака 9: Оптимизација на управувањето со одземен имот**

Ефикасната борба против организираниот криминал и корупцијата не завршува со одземањето на имотот, туку продолжува со негово професионално и транспарентно управување. Затоа е неопходно да се воведат брзи и стандардизирани процедури за проценка, складирање и понатамошна употреба на одземен имот (возила, недвижности, крипто-активи). Потребно е воспоставување на централизирана база на податоци, назначување одговорни лица и редовен надзор, со јасни правила за користење, одржување и продажба на имотот. На овој начин ќе се спречи негово обезвреднување и ќе се зголеми ефикасноста и транспарентноста во управувањето.

Дополнително, треба да се воспостави законски механизам што ќе овозможи конфискуваниот имот да се претвора во општествена корист – финансирање образование, здравство, социјална заштита и поддршка на жртви на криминал. За ова е потребна координација меѓу Јавното обвинителство, Министерството за правда, Министерството за финансии, УЈП и други институции, со вклучување на експерти и обуки за управување со имот и финансиски средства.

**Препорака 10: Специјализирани обуки за конфискација без осуда и проширена конфискација**

За ефикасна примена на инструментите за конфискација без осуда и проширена конфискација потребно е воведување на редовни, практично ориентирани обуки за јавни обвинители, судии и истражители. Овие обуки треба да опфатат:

- европски стандарди и добра пракса,
- методи за идентификација и следење на имот,
- техники за докажување на незаконито потекло,
- процесни правила за конфискација без претходна кривична осуда.

Академијата за судии и јавни обвинители е клучна институција за дизајнирање и спроведување на програмите, во координација со Министерството за правда кое треба да обезбеди политичка поддршка, ресурси и континуитет во градењето капацитети.